**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 18 јуни 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Радомир Карангелески, поднесе амандман на член 3, изборна единица број 4 и изборна единица број 5, по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Сметам дека, без оглед што сме при крај на расправата и претпоставувам дека и овој пакет закони, односно изборните закони се при крај, сепак многу е битно образложението што го дадовме во врска со овој амандман, каде што би замолил уште еднаш министерот да се преиспита, со оглед на општиот критериум за припадноста на одредени места кон одредена општина, во овој случај, како што нашиот амандман ја изнесува една суштина, а тоа е дека општината Долнени, треба да припадне таму каде што е природно, значи во Прилеп а Могила, Кукуречани и Новаци кон Битола.

Зошто ова го дадовме како амандман? Од проста причина што не се нарушува законот, бидејќи општината Долнени брои девет илјади сто и неколку гласачи, а трите општини што се заменуваат од изборна единица 4 во изборна единица 5 и обратно се 9900 и неколку гласачи.

Со тоа сметаме дека не е нарушен балансот во однос на бројот на гласачите во изборните единици 4 и 5, а од друга страна општината Долнени спаѓа во општина Прилеп, а општините Могила, Кукуречани и Новаци немаат апсолутно никаква комуникација со општината Прилеп. Значи, тие апсолутно, не ќе можат и во однос на патот да комуницираат.

Затоа цениме и јас уште еднаш би апелирал до пратениците да го поддржат овој наш амаднман, бидејќи веќе министерот ако не се премисли веќе го одби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пртеници, за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека амандманот Собранието не го усвои.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник. За гласале 76 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изборни единици за избор на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи Законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува и со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор?

Има збор господинот Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Во Законот за кривична постапка кој предлог е пред вас, се работи за мали измени, односно само за измени кои се поврзани со Рамковниот договор, поточно со уставните измени, односно Амандманот V на Уставот на Република Македонија. Додека досега во кривичната постапка службен јазик беше само македонскиот јазик и неговото кирилично писмо, согласно новите измени на Уставот на Република Македонија во кривичната постапка може да се користи и друг јазик каде што начинот се утврдува со закон.

Од таа причина предлагаме овој закон да го донесе Собранието, а се работи за имплементација на уставните амандмани, поточно на Амандманот V во Уставот на Република Македонија,со кој и во кривичната постапка исто така се користи и друг службен јазик што го зборуваат над 20% од населението, поточно тоа е албанскиот јазик.

Како Влада предлагаме овој закон да го донесете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман за додавање нов член 5-а по членот 5, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Звонко Мирчески и Златко Стојменов, поднесоа амандмани на член 1 и за бришење на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Тито Петковски, Илија Лазаров, Горанчо Трајков, Мухамед Таири и Латиф Пајкоски, поднесоа амандмани за додавање на нов член 4-а по членот 4, по кои Владата не се произнела.

Сега отварам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа. И во излагањето реков дека се работи за измени и дополнувања на Законот за кривична постапка, кои за цел ја имаат пресликувањето или имплементацијата на Рамковниот договор, поточно употребата на јазиците во судските постапки. Овие амандмани се од друга природа, а истовремено ве известувам дека и користам прилика да го известам пратеникот дека во Министерството за правда во тек е подготовка на потемелни измени и дополнувања на Законот за кривична постапка и во тие подготовки на тој проект, односно на тој закон можат да се имаат предвид таквите амандмани.

Значи уште еднаш амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, го слушнав излагањето на министерот и го прифаќам тоа што го кажа министерот и мислам дека во оваа фаза ќе ги разгледуваме обврските кои ги зедовме од Рамковниот договор, но слушајќи го излагањето на министерот, му препорачувам при изготвувањето на друг текст на измените на Законот за кривична постапка да го земе предвид овој амандман, поточно да го калкулира во тие измени.

Од тие причини јас го подвлекувам амаднманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Ненад Ристевски, Вангел Симев, Звонко Мирчески и Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 68 пратеника, за гласаа 4, воздржано гласаа 15 против гласаа 49 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амаднманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Ненад Ристевски, Вангел Симев, Звонко Мирчевски и Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, за гласале 5 пратеници, воздржани 11, а против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а, по членот 4, поднесен од пратениците Тито Петковски, Илија Лазаров, Горанчо Трајков, Мухамед Таири и Латиф Пајкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 9 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Има во салата 75 пратеници, па затоа ќе гласаме кога ќе го исполниме условот.

Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.

Предлогот на законот, извештите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5, од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ненад Ристевски, Вангел Симев, Звонко Мирчески и Златко Стојменов, поднесоа амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Звонко Мирчески и Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеници, за гласале 8, воздржано гласале 11, против гласале 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Имаме 77 пратеници и сега неможеме да гласаме. Ќе гласаме потоа кога ќе имаме доволен број пратеници.

Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка.

Предлогот на законот со извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Бидејќи Законот содржи одредби кои директно ја засегааст употребата на јазиците, согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор?

Има збор министерот за правда господинот Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувнаи дами и господа пратеници, несомнено е дека потпишувањето на Охридскиот договор и усвојувањето на уставните амандмани ја наметна потребата од усогласување на одредени закони кои ги имате пред вас и во усогласување со уставните измени. Дозволете ни во оваа прилика сосема накратко да ги изложам причините од потребата за изменување и дополнување и на овој закон. Имено, донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка точно произлегува од потребата за усогласување на одредбите на овој сојузен, а со амандманот V преземен закон од страна на Република Македонија во поглед на потребата на јазикот и писмото со амандманот V на Уставот на РМ, како и имплементацијата на Рамковниот договор. Со амандманот V на Уставот на РМ, е регулирано дека во органите на државната власт во РМ, службен јазик различен од македонскиот јазик може да се користи во согласност со закон што е во контекст на реализацијата односно имплементацијата на основните принципи на точка 6/5 од Рамковниот договор во која е определено дека кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението е исто така службен јазик и може да се употребува покрај македонскиот јазик во согласност со овој закон. Па поаѓајќи од овие причини е изготвен овој предлог на закон. Имајќи го ова во предвид со изменувањата и дополнувањата на законот за општата управна постапка се востановува право дека покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо странките во управната постапка кои зборуваат друг службен јазик и нивно писмо можат исто така да го користат тој јазик и писмо согласно законот и поднесоците до органите без разлика за кои органи се работи да ги доставуваат на тој јазик. Во предлогот на законот исто така е регулирано дека органите на државната управа пред кои се води постапката тие поднесоци ги преведуваат и таквите поднесоци и одговараат на службен македонски јазик и неговото писмо како и на службениот јазик и писмо што го употребува странката при поднесување на барањето. Од овие причини почитувани пратеници предлагаме како Влада Собранието на РМ да го донесе овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Звонко Мирчевски и Златко Стојменов поднесоа амандмани на член 1, и за бришење на член 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Звонко Мирчевски и Златко Стојменов.

Го молам претдтавникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 2 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 46 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 73 пратеници. Значи не сакате да гласате.

Ве молам, да ја следиме работата и да гласаме.

Соопштените резултати важат бидејќи има повеќе од 61 присутен пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Звонмко Мирчевски и Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес со текстот на предлогот на законот.

Молам кмој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ќе гласаме кога ќе имаме доволно пратеници. Сега во салата се присутни 73 пратнеииц.

Минуваме на точка 12. - Предлог на закон за дополнување на Законот за управните спорови.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставнеи односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ, овој закон се донесува со двотретинство мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Бидејќи законот содржи и одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците согласно точка 2, од амандманот X на Уставот на РМ, овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците и кои не се мнозинство во РМ.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Не можеме и овде да гласаме, немаме доволен број на присутни пратнеици.

Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници и 1 пратеник гласал против.

Констатирма дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Минуваме на точката 14.- Предлог на закон за дополнуваље на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија".

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат потребата на јазиците согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците и кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

И овој пат не можеме да гласаме, бидејќи немаме доволен број на присутни пратеници.

Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согланcо член 95 став 3, од Уставот на РМ, овој закон се донесува со двотретинстко мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Немаме доволен број на пратеници за да гласаме.

Минуваме на точка 16. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија 2002 година.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците согласно точка 2 од амандманот Х, на Уставот на РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Отворам општ претрес. - Молам мкој бара збор? (Никој)

Бидејќи ниој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 3 став 3 во новата точка 5 и за додавање нов став по ставот 4 и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Дали некој бара збор?

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? - Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците согласно точка 2 од амандманот Х од Уставот на РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 74 пратеници, воздржано гласале 3 пратнеици, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ, 2002 година.

Сега ќе се вратиме на точка 14.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, тоа е законот за дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на РМ".

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците согласно точка 2, од амандманот Х од Уставот на РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 69 пратеници, воздржано гласале 5 и против гласал 1 пратеник.

Бидејќи воздржани и против се 6 како што беа и минатиот пат, а повеќе од 12 има присутни пратеници, кои се од заедниците и кои не се мнозинство и тој услов е овде исполнет.

Констатирам дкеа Собранието го донесе законот за дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија".

Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за задолжување на

Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој "ИДА" по Договорот за кредит за проектот за развој на општините.

Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? - (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 69 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, и против гласал 1 пратеник.

Констарирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на РМ, со кредит кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за Проектот за развој на општините.

Минуваме на точка 18.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Фондот за осигурување на депозити, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам слендиот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за Фондот за осигурување на депозити.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 74 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, и против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 65 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, и против гласал 1 пратеник.

Констатирма дека :е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 68 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници и против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за Фондот за осигурување на депозити.

Минуваме на точка 19. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме претставник од Владата. - Одиме понатаму.

Минуваме на точка 20. - Предлог за донесување на закон за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон.

Немаме претставник од Владата.

Има збор господин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници.

Ова е многу важна седница. На дневен ред икаме закони договорени со Рамковниот договор потпишан од четирите потписнички. Но, бидејќи повеќе од 81 картичка се внатре, пријавени се 91 на седницата, а внатре во салата кога треба да

се гласа по тие закони со 81 пратеник не успеваме во моментот да ги имаме.

Земајќи предвид дека без изгласување на овие закони понатамошната работа ќе биде безпредметна, барам од координаторите на политичките партии потписнички на Рамковниот договор за 5 минути да ги соберат пратениците кои се надвор и да ги поминеме законите. Гледам дека од ПДП има само 2 пратеника, така што другите координатори нека ги повикаат пратениците.

Барам пауза од 5 минути, да се соберат пратениците, да ги изгласаме законите па да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам пауза од 15 минути.

Молам пратениците да се соберат. (По паузата)

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Бидејќи неможеме да го исполниме ова барање на господинот Дика

Замир, денеска ја прекунувам седницата, а продолжуваме утре во 12,00 часот.

Ве молам, пратеничките групи да ги соберат пратениците и утре сите да бидеме присутни на седницата.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот.)

(По паузата.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 35 - Предлог на закон за дополнување на Законот за одбрана.

Предлогот на законот, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 12 2 став 2 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство од вкупниот број пратеници.

Со оглед на тоа што немаме 80 пратеници овде, нема веднаш да гласаме. Ќе почекаме да влезат уште пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот)